# ЦЕНТАР ЗА УПРАВУВАЊЕ СО КРИЗИ

CUK.GOV.MK ▪ 195 ▪ CUK.MAIL@CUK.GOV.MK

**БИЛТЕН НА ЦЕНТАРОТ ЗА УПРАВУВАЊЕ СО КРИЗИ**

**ЈАНУАРИ – ФЕВРУАРИ 2019**



## Одржана 10 седница на Управувачки комитет



**На 11.01.2019, во просториите на Центарот за управување со кризи, се одржа 10-та седница на Управувачкиот комитет за координација и управување во системот за управување со кризи со кој претседава министерот за внатрешни работи, Оливер Спасовски. На седницата беше анализирана состојбата со врнежите од снег, ниските временски температури и отсечени/завеани населени места во Република Македонија.**

**Членовите на Управувачкиот комитет за координација и управување во системот за управување со кризи, секој во својот делокруг на надлежност, ги презентираа информациите со кои располагаат во однос на состојбата, со акцент на најкритичните точки кои имаат итна и неопходна потреба за теренска интервенција и констатираа дека службите на сите надлежни институции навремено, одговорно и професионално имаат пристапено при справување со состојбата поврзана со снежното време.**

**Согласно најавите од страна на УХМР за нови снежни врнежи во наредниот период, а со цел уште поголема ефикасност во справувањето, Управувачкиот комитет за координација и управување во системот за управување со кризи донесе неколку заклучоци:**

**Сите граѓани на Република Македонија кои сметаат дека се загрозени, како и сите граѓани што имаат сознанија дека други граѓани може да бидат загрозени од снежното време и ниските временски температури, да се јават на бесплатниот телефонски број 195 во Центарот за управување со кризи, со цел нивно понатамошно навремено доставување на информациите и податоците до сите надлежни институции.**

**Да се активира Главниот штаб, истиот да биде во континуирано заседание и да се следат тековно состојбите предизвикани од снежното време и ниските временски температури во Република Македонија.**

**(продолжува – стр. 2)**

**Главниот штаб имајќи ги предвид временските прилики, како и расположливата опрема (материјално – технички средства, механизација и слично), во соработка со сите надлежни институции (Министерството за одбрана, Министерството за внатрешни работи, Министерството за здравство, Дирекцијата за заштита и спасување, Армијата на Република Македонија и др) во текот на денешниот ден да направи прецизна процена на состојбите на терен, план за постапување и идентификација на итни потреби согласно теренската состојба, како и потреба и локации за доставување на хуманитарна помош, храна и лекови .**

**Полициските сили на Министерството за внатрешни работи и припадниците на Министерството за одбрана и Армијата на Република Македонија да бидат подготвени за итни интервенции доколку е потребно.**

**Министерството за внатрешни работи, во соработка со ЈП Македонијапат да го зголемат бројот на дежурни служби и сообраќајни контроли и патроли, особено на повисоките места, кои ќе ги предупредуваат возачите за задолжително поседување на зимска опрема, но и медицинска кутија за прва помош, а по потреба ќе информираат и за забрани за движење и пренасочување на тешки товарни возила.**

**Сите институции да бидат во постојана комуникација и координација, во функција на навремено преземање на превентивни мерки и активности и притоа сите информации и активности што се поврзани од снежното време и ниските временски температури во Република Македонија, навремено да бидат доставувани до Центарот за управување со кризи, со цел нивно понатамошно дистрибуирање и навремено постапување.**

**Возилата и механизацијата на ЈП Македонијапат да бидат во постојан и континуиран ангажман, со цел одржување на возната состојба на патиштата и нормална проодност на истите.**

**Министерството за труд и социјална политика, во соработка со Црвениот крст на Република Македонија, веднаш да ги преземе сите потребни активности за навремено и превентивно згрижување на сите бездомни лица, не само од територијата на Град Скопје, туку од целата територија на Република Македонија, како и навремено доставување на неопходни лекови или други медицински средства и слични неопходни потреби.**
**Министерството за здравство, во текот на денешниот ден, во сите служби за итна медицинска помош низ Република Македонија да подготви план за постапување, да определи број на екипи и протокол за функционирање и постапување во услови на постоење на снежно време и ниски временски температури во Република Македонија.**

**Министерството за здравство, во соработка со Агенцијата за лекови веднаш да направат анализа/проценка за евентуална потреба од достава на лекови до граѓаните кои имаат потреба од достава на лекови, а особено да се направи проценка преку системот на Управата за електронско здравство за тоа на кои лица кои примаат хронична терапија ќе им биде потребно достава на лекови, согласно подрачјето на живеење, особено во повисоките места.**

**Министерството за здравство веднаш да достави наредба до сите ургентни центри во Република Македонија, со цел нивна целосна подготвеност и мобилност (со материјал, опрема и кадар) во случај на зголемена потреба од давање на здравствени услуги за време на снежното време и ниските временски температури во Република Македонија.**

**Сите градоначалници веднаш да ги стават во користење сите расположливи ресурси (материјално – технички, кадровски, опрема, механизација и слично), а доколку имаат потреба од дополнителна помош од технички ресурси, во случај да не можат да се справат со снежното време преку своите расположливи ресурси / или при нивно целосно исцрпување, во тој случај да се обратат до Дирекцијата за заштита и спасување.**
**Сите градоначалници веднаш да ги мобилизираат кризните штабови во нивните општини и во нив да ги вклучат локалните претставници од Центарот за управување со кризи, Дирекцијата за заштита и спасување и Министерството за внатрешни работи.**

**На седницата присуствуваа и членовите на Управувачкиот комитет, м-р Радмила Шекеринска Јанковска, заменик на претседателот на Владата и министер за одбрана, м-р Горан Сугарески, министер за транспорт и врски, д-р Венко Филипче, министер за здравство, Мила Царовска, министер за труд и социјална политика, и м-р Агрон Буџаку, директор на Центарот за управување со кризи и раководител на Групата за процена. Покрај членовите, на седницата беа присутни и Андреј Жерновски, заменик на министерот за надворешни работи, Аднан Џафероски, директор на Дирекцијата за заштита и спасување, Гајур Кадриу, директор на ЈП Македонијапат – Скопје, Зоран Велков од ЈП за државни патишта, претстаници од Генералштабот на Армијата на Република Македонија, од Центарот за управување со кризи и од Министерството за одбрана.**

## Апел до потрошувачите на топлинска енергија 06.01.2019

Во врска со метеоролошките најави за следниот период кои предвидуваат екстремно ниски температури, од Балкан Енерџи Груп апелираат до потрошувачите на системот за централно греење во индивидуални станбени објекти - куќи, деловни објекти и објекти за образование, целосно да не го исклучуваат греењето поради заштита на грејните инсталации од замрзнување. За сите потребни информации потрошувачите можат да се обратат во Центарот за грижа на потрошувачи на тел: (02) 3076 200.



## Состојба на патиштата по врнежите од снег (09.01.2019 до 8:00 ч.)

**Скопски регион - Патниот правец кон повисоките населени места на Скопска Црна Гора, односно селата Брест, Танушевци и Малино (опш.Чучер Сандево) не е прооден, а истите села немаат и електрична енергија.**

**Битолски регион - Заради новите врнежи од снег сообраќајот се одвива отежнато, во зимски услови. Воведена е забрана за тешки товрни возила на патниот правец Битола – Ресен (планински превој „Ѓавато“).**

**Охридски регион - Во општина Македонски Брод и Пласница локалните патни правци кон селата Битово, Растеш, Заград, Волче, Ботушје, Бенче, Лупште, Звечан, Инче, Требовље, Брест, Косово, Рамне, Брезница, Могилец, Калуѓерец, Томино село и Сушица се проодни за теренски возила со зимска опрема. Во општина Струга, патниот правец што ги поврзува селата во Малесија основно патниот правец од с.Присовјани до хидрецентралата Глобочица е непрооден.**

**Кумановски регион - Во општина Старо Нагоричане единствено регионалниот патен правец кон Р.Србија - Пелинце е прилагоден за движење, додека патните правци кои гравитираат кон селата во козјачијата се тешко проодни. Во општина Липково, тешко проодни се патните правци кои гравитираат кон повисоките села Гошинце, Лукаре и Малино. Во општина Крива Паланка, магистрален пат Ранковце - Крива Паланка -Граничен премин Деве Баир е прооден во зимски услови. Регионален пат Крива Планка – с.Огит и Крива Паланка – с.Луке, во општина Крива Паланка, се проодни во зимски услови. Регионален пат Ранковце – с.Герман е прооден до с.Пклиште додека од с.Пклиште до с.Герман е непрооден. Локалниот пат од с.Дурачка река м.в.Метоф кон с.Дренак е непрооден Отсечено е с.Дренак во општина Крива Паланка.**

**Тетовски регион - Воведена е забрана за движење на тешки товарни возила на патните правци Гостивар – Стража - Кичево, Гостивар - крак Маврово - Дебар, Тетово - Попова Шапка со напомена дека за Попова Шапка има и забрана за движење за автобуси, а за другите пмв потребно е да се стави зимска опрема – ланци. Во под шарпланинските села Вејце, Бозовце, Бродец и Вешала движењето е отежнато во зимски услови со употреба на зимска опрема. Во ЕЛС Теарце локалните патни правци се проодни освен патот за селата Варвара и Брезно. Во ЕЛС Брвеница отежнато е движењето за с.Гургурница. Во ЕЛС Боговине се очекува да биде пробиен патот до повисоките планински села - Раковец, Ново Село, Урвич и Јеловјане.**

## Состојба на патиштата по врнежите од снег ( 10.01.2019 до 13 ч.)

**Скопски регион - Патните правци кон повисоките населени места на Скопска Црна Гора, односно селата Брест, Танушевци и Малино (опш.Чучер Сандево) не се проодни, а истите села немаат и електрична енергија. Во опш.Кисела Вода непрооден е патот од Теферич кон Сопиште**

**Битолски регион - Во општина Крушево, регионалниот патен правец Крушево - Пуста Река не е исчистен, но е прооден за теренски возила со зимска опрема. Во општина Прилеп сите магистрални и регионални патишта се исчистени и опесочени, проодни за сите моторни возила, освен регионалниот пат за Мариово, кој е од трет преоритет. Регионалниот пат Лагово – Витолиште, моментално е прооден за теренски возила. Во општина Долнени непроодни се патните правци за селата Маргари, Зрзе и манастиорот во с.Зрзе. Во општина Ресен - регионалниот патен правец Битола – Ресен - Охрид е прооден за сообраќај.**

**Охридски регион - Во општина Македонски Брод, регионалните патни правци за Кичево, Прилеп и Самоков се проодни, додека локалните патни правци кон повисоките села Дренов, Крапа, Битово, Растеш, Заград, Волче, Ботушје, Бенче, Лупште, Звечан, Инче, Требовље, Брест, Косово, Рамне, Брезница, Могилец, Калуѓерец, Томино село и Сушица не се проодни. Во општина Струга, непрооден е патниот правец што ги поврзува селата во Малесија односно патниот правец од с.Присовјани до хидроцентрала Глобочица.**
**(продолжува – стр. 4)**

**Велешки регион - Во општините Велес, Градско и Чашка, екипите на Македонија пат, ЈКП Дервен и ГП Изгрев, се на терен и се чисти накај селата Отовица, Сујаклари, Мамутчево, Иванковци, Оризари, Клуковец, Сливник, Раштани и Бузалково. Патните правци према г.Јаблчиште и Богомила се тешко проодни. ЈП Македонија пат е на терен и работи на расчистување. На подрачјето на општините Свети Николе и Лозово патниот правец кон селата Немањици, Ранченци, Мечкуевци и Патетино, како и патниот правец кон селата Трстеник, Сопот, Преот, Малино, Алакинци и Крушица не се проодни за лесни моторни возила, а се проодни за теренски возила.**

**Кумановски регион - Во општина Старо Нагоричане единствено регионалниот патен правец кон Р.Србија - Пелинце е прилагоден за движење, додека патните правци кои гравитираат кон селата во козјачијата се тешко проодни. Во општина Липково, тешко проодни се патните правци кои гравитираат кон повисоките села Гошинце, Лукаре и Малино. Регионален пат Ранковце – с.Герман е прооден до с.Пклиште додека од с.Пклиште до с.Герман е непрооден. Регионалниот патен правец Крива Паланка – с.Огут е прооден за теренски возила. Регионалниот патен правец Крива Паланка – с.Луке е прооден во зимски услови. Локалниот пат од с.Дурачка река м.в.Метоф кон с.Дренак е непрооден.**

**Од Македонија Пат и АМСМ известуваат дека забрана за движење на тешки товарни возила има на патните правци крак Маврово - Дебар, Гостивар - Кичево, преку планинскиот премин Стража, Кичево – Охрид, преку планинскиот премин Пресека, патот Прилеп – Македонски Брод на планинскиот премин Барбарос како и на патниот праевец Тетово - Попова Шапка, каде забраната важи и за автобуси, а за останатите возила е задолжително користење на зимска опрема (синџири). Од 12.15.ч поради интензивни врнежи од снег се воведува забрана за сообраќај на тешки товарни возила на патниот правец Струга – граничен премин Ќафасан.**

## Состојба на патиштата по врнежите од снег (11.01.2019 до 13 ч. )



**Скопски регион - Сите локални патни правци во Градот Скопје и околината се проодни освен патниот правец кон повисоките населени места на Скопска Црна Гора, односно селата Брест, Танушевци и Малино (опш.Чучер Сандево ) кој не е прооден а с.Танушевци нема електрична енергија.**

**Битолски регион - Регионалниот патен правец Крушево - Пуста Река не е исчистен, но е прооден за теренски возила со зимска опрема. Во Општина Долнени не се исчистени патиштата од населените места Маргари, с. Зрзе и Манасторот во с. Зрзе**

**Охридски регион - Во општина Македонски Брод и Пласница локалните патни правци кон повисоките села - Дренов, Крапа, Битово, Растеш, Заград, Волче, Ботушје, Бенче, Лупште, Звечан, Инче, Требовље, Брест, Косово, Рамне, Брезница, Могилец, Калуѓерец, Томино село и Сушица не се проодни. Во општина Струга, не прооден е патниот правец од с.Присовјани до хидроцентрала Глобочица. Патниот правец за Загрчани, Вишни и Г. Белица не е прооден**

**Штипски регион - Патните правци во Плачковичкиот регион се тешко проодни. Тешко проодени се и локалните патни правци за селата Бунеш и Јамиште**

**Кумановски регион - Во општина Старо Нагоричане единствено регионалниот патен правец кон Р.Србија - Пелинце е прилагоден за движење, додека патните правци кои гравитираат кон селата во Козјачијата се тешко проодни. Во општина Липково Во моментот единствен проблем претставуваат патните правци кои гравитираат кон повисоките села: Руница, Гошинце Во општина Крива Паланка Регионален пат Ранковце – с.Герман е прооден до с.Пклиште додека од с.Пклиште до с.Герман е непрооден. Регионалниот патен правец Крива Паланка – с.Огут е прооден за теренски возила. Регионалниот патен правец Крива Паланка – с.Луке е прооден во зимски услови.**

**Забрана за движење на тешки товарни возила има на патните правци крак Маврово - Дебар, Ресен - Битола на планинскиот превој Буково. Гостивар - Кичево, преку планинскиот премин Стража, Кичево – Охрид, преку планинскиот премин Пресека, патниот правец Прилеп-Мак.Брод на планинскиот премин „Барбарос“, патниот правец Струга – граничен премин Ќафасан, како и на патниот правец Тетово - Попова Шапка, каде забраната важи и за автобуси, а за останатите возила е задолжително користење на зимска опрема (синџири).**

## Згрижени бездомни лица од ЦК Струмица

ЦУК, 12.01.2019 - Од Црвен Крст Струмица известуваат дека пунктот за згрижување на бездомни лица е во зградата на Црвен Крст – Струмица, каде во моментот се сместени 3 лица – 1 од Струмица, 1 од Радовиш и 1 од Штип.

## Состојба на патиштата по врнежите од снег (12.01.2019 до 8:00 ч.)

**Скопски регион - Сите магистрални, регионални и локални патни правци во Градот Скопје и околината се проодни, освен патниот правец кон повисоките населени места на Скопска Црна Гора, односно селата Брест, Танушевци и Малино кој не е прооден, а с.Танушевци (опш.Чучер Сандево ) нема електрична енергија. Во текот на вчерашниот ден се чистеше патниот правец од Кодра Фура кон село Танушевци, а кога ќе се заврши со истиот ќе се започне со чистење на правецот кон село Бродец. Во другите скопски општини сите патни правци се проодни или отежнато пролодни, но нема одсечени села. Од ЈСП Скопје известуваат дека поради лизгавоста на коловозот скратени се повеќе градски и приградски линии.**

**Битолски регион - На територијата на општините Битола, Могила, Новаци и Ресен сите патни правци се проодни и нема отсечени села и населени места. Снабдувањето со електрична енергија е редовно. Во општина Демир Хисар, во текот на денешниот ден ќе се продолжи со чистење. за Бабино,Брезово и Зашле и Радово. Во општина Прилеп во населените места од Тројачката котлина и Мариовскиот регион, собраќајот се одвива само со теренски возила и за истите е планирано во текот на денешниот ден да се продолжи со чистење...**

**... Штипски регион - Во штипскиот регион сите регионални и локални патни правци се проодни со остатоци од снег на коловозите и сообраќајот се одвива во отежнати зимски услови. Патниот правец кон с.Почивало кој се наоѓа во плачковичкиот регион не е расчистен. Планирано е истиот да биде чистен во текот на денешниот ден. Во општина Пробиштип патниот правец до с.Јамиште не е исчистен и е завеан.**

**Кумановски регион - Во општина Крива Паланка, локалниот пат од село Дурачка Река, м/в Метоф кон село Дренак е непрооден поради снежни наноси. Регионалниот пат Ранковце – село Герман прооден до село Пклиште. Од село Пклиште до село Герман непрооден, Вчера во попладне машина за расчистување се упатила кон село Герман за расчистување на патот. Локалните патишта во општина Ранковце се проодни, освен локалниот пат с.Петралица кон село Баратлија кој е непрооден, патот е земјен. Непрооден е и локалниот пат од село Радибуш кон село Криви Камен, отсечено е село Криви Камен. Во општината Старо Нагоричане, патните правци кои гравитираат кон селата во Козјачијата се делумно или во општо непрочистени и потешко проодни.**

**Тетовски регион - Патниот правец кон с.Новаке-општина Боговиње е исчистен, но останува уште во текот на денешниот ден да се исчисти патот кон с.Горно Палчиште. Механизација од општина Теарце во текот на вчерашниот ден правеше напори да се исчисти патот до с.Варвара.**

## Состојба на патиштата по врнежите од снег (13.01.2019 до 8:00 ч.)

**Скопски регион - Сите магистрални, регионални и локални патни правци во Градот Скопје и околината се проодни, освен патниот правец кон повисоките населени места на Скопска Црна Гора, односно селата Брест, Танушевци и Малино (опш.Чучер Сандево) кој не е прооден, а с.Танушевци нема електрична енергија.**

**Битолски регион - Во општина Демир Хисар во текот на вчерашниот ден исчистени се патните правци према селата Базелник ,Брезово и Зашле, а ќе се продолжи да дочистува патниот правец према с.Радово. Во општина Прилеп во текот на вчерашниот ден работеле на чистење на патните правци према с.Бонче и с.Штавица, со што ќе бидат исчистени сите патни правци во Мариово. Во општина Долнени патниот правец с.Зрзе према манастирот Зрзе е прооден за теренски возила**

**Охридски регион - Во општина Струга сите локални патни правци во надлежност на Општина Струга се проодни за сообраќај, освен патниот правец што ги поврзува селата во Малесија односно патниот правец од с.Присовјани до хидроцентрала Глобочица.**

**Штипски регион - Патниот правец кон с.Почивало кој се наоѓа во плачковичкиот регион сеуште не е пробиен. Планирано е истиот да биде чистен во текот на денешниот ден. Во општина Пробиштип патниот правец до с.Јамиште сеуште не е пробиен.**

**Кумановски регион - Во општина Липково, единствен проблем претставуваат патните правци кои гравитираат кон повисоките села: Руница и Гошинце, до селото Гошинце патот е расчистен и прооден но од с.Гошинце не е речистено. Во општината Старо Нагоричане патните правци кои гравитираат кон селата во Козјачијата се делумно или во општо непрочистени и потешко проодни. Регионален пат Крива Планка – с.Огит и Крива Паланка – с.Луке, во општина Крива Паланка, се проодни во зимски услови. Локалниот пат од с.Дурачка Река, м/в Метоф кон с.Дренак е непрооден поради снежни наноси. Отсечено е село Дренак општина Крива Паланка. Во опш.Ранковце локалниот пат с.Петралица кон с.Баратлија е непрооден, патот е земјен. Отсечено е село Баратлија, непрооден е и локалниот пат од с.Радибуш кон с.Криви Камен, отсечено е с.Криви Камен. Во општина Кратово Македонија пат има исчистено до с.Вакав и Татомир а до с.Коњух сообраќајот се одвива со зимска опрема. Во планинскиот дел сообраќајот не се одвива во селата: Мушково, Нежилово, Луково и Каврак. Во наредните денови ке се расчистува и планинскиот дел кон селата кои се отсечени од снежните наноси...**

## Состојба на патиштата по врнежите од снег (15.01.2019 до 8:00 ч.)

**Скопски регион** - Сите магистрални и регионални патни правци во Градот Скопје и околината се проодни. Патните правци кои водат кон селата Брест и Малино, не се проодни. Патниот правец што води кон с.Танушевци е исчистен но поради новите снежни врнежи во текот на вчерашниот ден се очекува исстиот да биде блокиран повторно. Село Танушевци е сеуште без електрична енергија (опш.Чучер Сандево).

**Битолски регион** - Во општина Демир Хисар не е исчистен само регионалниот патен перавец за с.Радово, кој е прооден само со теренски моторни возила и истиот ќе се чисти во следните денови.

**Штипски регион** - Во општина Штип локалниот пат кон с. Почивало сеуште е во прекин.

**Велешки регион** - Не е исчистен само регионалниот патен правец за с. Отовица, Сујаклари, Кумарино, Мамутчево. кој е прооден само со теренски моторни возила и истиот ќе се чисти во следните денови.

**Охридски регион** - Во општина Струга сите локални патни правци се проодни за сообраќај, освен патниот правец што ги поврзува селата во Малесија односно патниот правец од с.Присовјани до хидроцентрала Глобочица.

**Кумановски регион** - Во општина Старо Нагоричане, регионалниот патен правец кон селата во Козјачијата Малотино, Мгленце, Буковљане, Дренак, Длабочица, Жељувино, Цветишница кон Бајловце. е во можност за движење додека патните правци кои гравитираат кон селата се делумно или во општо непрочистени и потешко проодни. Се работи за земјени патишта -макадами. Локалните патишта во општина Ранковце се проодни, освен локалниот пат с.Петралица кон село Баратлија кој е непрооден, патот е земјен. Отсечено е с.Баратлија, непрооден е и локалниот пат од с.Радибуш кон с.Криви Камен, отсечено е с.Криви Камен. Локалниот пат од с.Дурачка Река, м/в Метоф кон с.Дренак е непрооден поради снежни наноси. Отсечено е село Дренак општина Крива Паланка.

## Состојба на патиштата по врнежите од снег 17.01.2019 (до 8:00 ч.)

Скопски регион - Во општината Чучер Сандево, патните правци кои водат кон селата Брест и Малино, не се проодни. Патниот правец што води кон с.Танушевци е исчистен и прооден, но останува непрооден еден дел во селото, м.в.Ходаларско маало. Без напојување со електрична енергија се корисниците од с.Танушевци.

Битолски регион - Во општина Долнени не е исчистен патот кон с.Рилево. Во општина Новаци, на патниот правец кон с.Зовиќ во делот од село Рапеш – Старавина, кој што е регионален пат, е тешко прооден. Во општина Демир Хисар, регионалниот патен правец с.Вирово – с.Боиште не е исчистен.

Охридски регион - Во општина Македонски Брод, локалниот пат за с.Ботушје останува и понатаму непрочистен. Во општина Струга, патниот правец што ги поврзува селата во Малесија, односно патниот правец од с.Присовјани до хидроцентрала Глобочица е непрооден.

Штипски регион - Во општина Штип, патниот правец во плачковичкиот регион кон село Почивало е тешко прооден, а локалната самоуправа е во постојан контакт со жителите на селото и се следи состојбата.

Кумановски регион - Во општина Крива Паланка, локалниот пат од село Дурачка река, м.в.Метоф кон село Дренак е непрооден поради висината на снегот. Во општина Ранковце, во текот на вчерашниот ден е интервенирано на расчситување на регионалниот патен правец Ранковце – с.Герман, но остануваат да се дочистат уште 2 км до с.Герман, поради што патот до селото сеуште е непрооден. Локалниот пат с.Петралица – с.Баратлија е непрооден (патот е земјен). Непрооден е и локалниот пат с.Радибуш – с.Криви Камен.

## Состојба на патиштата по врнежите од снег 21.01.2019 (до 8:00 ч.)

**Охридски регион** - Во општина Македонски Брод, локалниот пат за с.Инче не е исчистен. Во општина Струга, патниот правец од с.Присовјани до хидроцентрала Глобочица е непрооден.

**Кумановски регион** - Во опш.Старо Нагоричане, селата во Козјачијата – Малотино, Мгленце, Буковљане, Дренак, Длабочица, Жељувино, Цветишница и кон Бајловце се високо планински поврзани со земјани – макадамски патишта за кои е потребна исклучително тешка градежна механизација и истите се неичистени и многу тешко проодни. Во општина Крива Паланка, локалниот пат од село Дурачка река, м.в.Метоф кон село Дренак е непрооден поради висината на снегот. Во општина Ранковце, на регионалниот патен правец Ранковце – с.Герман, остануваат да се дочистат уште 2 км до с.Герман, поради што патот до селото сеуште е непрооден. Локалниот пат с.Петралица – с.Баратлија е непрооден (патот е земјен). Непрооден е и локалниот пат с.Радибуш – с.Криви Камен.

## Состојба на патиштата по врнежите од снег (25.01.2019 до 8:00 ч.)

**Скопски регион - Патните правци што водат кон селата Танушевци Брест и Малино се проодни освен патот што води до м.в.Ходаларско маало во Танушевци. (опш.Чучер Сандево).**

**Битолски регион - Во опш.Демир Хисар, регионалниот патен правец од Вирово до Боиште Р 29273 не е исчистен и е непрооден.**

**Кумановски регион - Во опш.Старо Нагоричане, патните правци кон селата во Козјачијата – Малотино, Мгленце, Буковљане, Дренак, Длабочица, Жељувино, Цветишница и Бајловце не се исчистени и се тешко проодни исклучиво со теренски возила. Во општина Крива Паланка, локалниот земјен пат од село Дурачка река, м.в.Метоф кон село Дренак е непрооден поради висината на снегот на патот. Во општина Ранковце, локалните патни правци с.Петралица – с.Баратлија и с.Радибуш – с.Криви Камен се непроодни.**

## Состојба на патиштата по врнежите од снег 28.01.2019 (до 8:00 ч.)

**Скопски регион - Во општина Зелениково – патните правци кон планинските села: Дејковец, Тисовица, Гумалево, Добрино и Палиград се непроодни. Истите села, заради дефект на 10 КВ кабел, се уште немаат електрична енергија. Во општина Студеничани – непрооден е патот кон селата Елово и Црни Врв, а од вториот правец непрооден е патот кон селата Горно Количани, Црвена Вода и Алдинци. Истите села имаат и проблем со снабдување со електрична енергија.**

**Битолски регион - Во текот на вчерашниот ден во општина Новаци 2 екипи работеле на расчистување на патните правци за селата: Груниште, Ивени, Балдовенци како и на патниот правец с.Мегленци – с.Арматуш. Истовремено се чистел и патниот правец с.Рапеш -с.Старавина.. Во општина Крушево се работело на расчистување на патниот правец од Крушево према с.Пуста Река и Горно и Долно Дивјаци. Во општина Демир Хисар екипите работеле на расчистување на патиштата во Општината. Регионалниот патен правец за с.Боиште не е исчистен. Во општина Прилеп две екипи чистеле на патните правци кон селата во Мариовскиот дел (Полчисте, Бешиште, Дуње и Крушевица) истовремено се чистел и Регионалниот пат за с.Витолиште.**

### Прекин на железничкиот сообраќај поради одрон

**Од Македонски жалезници информираат дека во текот на вчерашниот ден во 16:36 часот возот бр.4689 удрил во одронета карпа на пругата помеѓу железничките станици Рајко Жинзифов и Велес. Од ударот дошло до исклизнување на локомотивата од шините и е направена одредена материјално техничка штета. Повредени во несреќата нема. До расчистување на теренот железничкиот сообраќај е во прекин.**

## Состојба на патиштата по врнежите од снег 31.01.2019 (до 8:00 ч.)

**Скопски регион - Во општина Чучер Сандево, патните правци што водат кон селата Танушевци, Брест и Малино не се проодни, а исто така и локалниот пат од с.Танушевци кон м.в.Ходоларско маало е непрооден.**

**Битолски регион - Во општина Демир Хисар на регионалниот пат Вирово – Боиште не се исчистени уште 1.500 метри. Поради повремените врнежи од дожд снежната покривка е намалена и е прооден само за со теренски возила.**

**Охридски регион - Во опш.Македонски Брод повторно има одрони на патниот правец Македонски Брод – Прилеп на превојот Барбарос, но едната лента е постојано проодна а одроните на другата лента благовремено се одстрануваат од страна на екипите на Македонија пат – секција Суводол. Во опш.Струга сите локални патни правци во надлежност на општината се проодни за сообраќај, освен патниот правец за селата Вишни и Г.Белица кој е прооден за теренски возила. Патниот правец за селата во Малесијата е прооден до м/в Мартиница пред с.Збажди, додека останатиот дел од патот за селата Ржаново, Локов, Селци и Буринец до Централа не е прооден. Во опш.Кичево во текот на минатата ноќ како резултат на врнежите од дожд и топењето остатоци од снег и запушување на канализационата мрежа дошло до поплавување на неколку станбени и деловни објекти на ул.Борис Кидрич на потегот од кружниот тек кај опш.Кичево до раскслицата кај ОУ „Кузман Јосифоски Питу“. Во исцрпувањето на водата учествувале екипа од ТППЕ Кичево.**

**Кумановски регион - Во опш.Старо Нагоричане патните правци ко селата во Козјачијата - Малотино, Мгленце, Буковљане, Арбанашко, Длабочица, Жељувино, Цветишница, Дејловце кон Бајловце, се тешко проодни. Сите горенаведени села се високопланински поврзани со земјани – макадамски патишта. Во општина Крива Паланка, регионалниот пат Крива Паланка – с.Огут и Крива Паланка - с.Луке се проодни во зимски услови. Регионалниот пат Ранковце – с.Герман е прооден до с.Пклиште. Од с.Пклиште до с.Герман е непрооден во должина околу 8 км. Отсечено е с.Герман. Локалниот пат од с.Дурачка Река, м/в Метоф кон с.Дренак е непрооден поради висина на снег на локален земјен пат. Во општина Ранковце, локалните патишта се проодни, освен локалниот пат с.Петралица кон с.Баратлија кој е прооден за теренски возила – патот е земјен. Отсечено е с.Баратлија. Непрооден е и локалниот пат од с.Радибуш – с.Криви Камен (прооден за теренски возила) - отсечено е с.Криви Камен....**

## Состојба на патиштата по врнежите од снег 01.02.2019 (до 8:00 ч.)

**Скопски регион** - Во општина Чучер Сандево, патните правци што водат кон селата Танушевци, Брест и Малино не се проодни, а исто така и локалниот пат од с.Танушевци кон м.в.Ходоларско маало е непрооден.

**Битолски регион** - Во општина Демир Хисар на регионалниот патен правец Р29371, Вирово – Боиште не се исчистени уште 1.500 метри. Поради временските услови снежната покривка е намалена и истиот е прооден само со теренски возила.

**Охридски регион** - Во општина Струга, патниот правец за селата Вишни и Горна Белица прооден е за теренски возила. Патниот правец за селата во Малесијата прооден е до с.Збажди, додека останатиот дел од патот за селата Ржаново, Локов, Селци и Буринец до Централа не е прооден.

**Кумановски регион** - Сите патни правци во општините Куманово, Старо Нагоричане и Липково се проодни, но на високите места со претпазливост и движење во зимски услови. Во општина Крива Паланка, локалниот пат од с.Дурачка Река, м.в.Метоф кон с.Дренак непрооден е поради висина на снег на локален земјен пат. Во општина Ранковце, регионалниот пат Ранковце – с.Герман, како и локалните патишта кон селата Баратлија и Криви Камен, проодни се во зимски услови. Во општина Кратово, во планинскиот дел сообраќајот се одвива отежнато, а дел е и непроодно. Чистењето на снегот е извршено на околу 7 км од Кратово до с.Луково, а останатите 17 км кои останууваат преку селата Мушково, Нежилово до Каврак, треба да се чистат во текот на денешниот и утрешниот ден.

**Тетовски регион** - Во општина Маврово Ростуше, единствен неисчистен пат е кон с.Галичник.

## Состојба со патиштата по обилните врнежи од снег (05.02.2019 до 08:00 ч.)

**Скопски регион** - Во општина Чучер Сандево, патните правци што водат кон селата Брест и Малино не се проодни, а исто така и локалниот пат од с.Танушевци кон м.в.Ходоларско маало е непрооден.

**Тетовски регион** - Во тетовскиот регион единствено неисчистен е патот кон с.Галичник.

**Кумановски регион** - Во опш.Крива Паланка, регионалниот пат Ранковце – с.Герман е прооден во зимски услови. Локалниот пат од с.Дурачка Река, м.в.Метоф кон с.Дренак е непрооден поради висина на снег на локален земјен пат. Во општина Кратово, во планинскиот дел сообраќајот се одвива отежнато, а дел е и непроодно. Останатите околу 3 км до с.Каврак да се чистат во текот на наредните денови.

## Спасени двајца загубени скијачи на Попова Шапка

Регионалниот центар за управување со кризи Тетево (РЦУК – Тетово) известува дека од ПС Попова Шапка на ден 07.02.2019 година во 20:45 часот примиле информација за двајца загубени скијачи на Попова Шапка. Се работело за две лица македонски државјани од Тетово, кои што се скијале на Попова Шапка и истите биле пријавени за загубени од други лица кои што биле со нив во 19:45 часот во ПС Попова Шапка. Околу 02,30 часот лицата се пронајдени во добра состојба и истите биле транспортирани до центарот Попова Шапка. Од РЦУК Тетово беа известени две Горско спасителни организации од Тетово, ТППЕ Тетово, Брза помош Тетово и ДЗС Тетово. Во спасителната акција беа вклучени и ЕСЗ (единица за специјални задачи ) кои што биле на Попова Шапка.

## Патнички воз Кичево – Скопје удрил во карпа



На ден 18.02.2019 година, околу 06:45 часот патничкиот воз од Кичево за Скопје удрил во карпа на потегот помеѓу селата Лакавица и Падалишта. Од ударот композицијата излетала од шините. По пријавувањето на местото на настанот е упатена екипа за увид. Сообраќајот ќе се нормализира најкасно на ден 19.02.2019 година.



## Потпишан меморандум за соработка со Универзитетот Мајка Тереза

ЦУК, 11.01.2019 - Центарот за управување со кризи и Универзитетот „Мајка Тереза“ од Скопје, денес потпишаа меморандум за соработка. Директорот на ЦУК, м-р Агрон Буџаку и ректорот на УМТ, проф.д-р Азис Положани по потпишувањето изјавија дека со меморандумот се создаваат услови за соработка која е во интерес на двете институции во насока на сферите на соработка во разни области од надлежностите на ЦУК со програмските студии на УМТ од Скопје.

## Претставување и практична обука за користење на веб-базирната платформа (NICS) во Струмица



ЦУК, 14.01.2019 - Во организација на Центарот за управување со кризи-Скопје, на 11. 01. 2019 година во Хотел „Сириус“ -Струмица од страна на Групата за имплементација на проектот на вработените од РЦУК Струмица, Сектор за внатрешни работи Струмица и Гранична полиција -Ново Село, им беше извршено претставување и практична обука за користење на веб-базирната платформа „Следна генерација на систем за командување и управување со инциденти“ (Next Generation Incident Command Sistem-NICS) како дел од проектот” Напредна регионална координација при цивилни итни состојби во Западен Балкан“.



## Одржан состанок на двата тима - групи за имплементација на Е-112 во Република Македонија

На 28.01.2019 година во просториите на Центарот за управување со кризи (ЦУК) се одржа работен состанок со членовите на Надзорниот одбор за супервизија и следење на напредокот во имплементацијата на Е-112 во Република Македонија и формираната Мегуресорска работна група (оперативен тим) за преземање активности за реализација и имплементација на Системот за итни повици Е-112 во Република Македонија

Дневен ред на состанокот беа две точки и тоа:

1.Усвојување на доставениот Предлог Деловник за работа на Надзорниот одбор за супервизија и следење на напредокот во имплементацијата телефонскиот број за итни повици, Е-112, во Република Македонија и
2.Расправа и запознавање на присутните членови со Првичниот изработен и доставен извештај - (Inception report), материјал кој е изработен од експертскиот тим избран на мегународниот повик објавен од канцеларијата на ЕУ во Скопје, за реализација на проектот – Имплементација на Системот за итни повици Е-112 во РМ.

На состанокот беа присутни предложените-номинирани членови од двата тима кои ги претставуваат номинирани лица од Министерството за внатрешни работи, Министерството за одбрана, Министерството за здравство, Министерството за финансии, Министерството за труд и социјална политика, Министерството за информатичко општество и администрација, Секретаријатот за европски прашања, Центарот за управување со кризи, Дирекцијата за заштита и спасување, претставник од Канцеларијата на претседателот на Владата на Република Македонија, Генералниот секретаријат на Владата на Република Македонија, Агенцијата за електронски комуникации и Претставник за Територијалните бригади за противпожарна заштита во Република Македонија.

На состанокот беше присутен и Директорот на ЦУК, Г-дин Агрон Буџаку и два члена од избраната консултантска кука - експерти за реализација и имплементација на Е-112 во Република Македонија.

Состанокот го отвори и водеше Душко Петровски, Раководител на Сектор за операции и координација во ЦУК и член на НО од ЦУК.

Покрај прашањата од дневниот ред, од страна на Директорот, претставниците на ЦУК како и присутните меѓународни експерти на проектот, беше разговарано за започнатиот проект, предстојните задачи, времетраење на проектот и последната фаза во релизација и имплементација на европскиот број за итни повици Е-112 во Република Македонија кое се планира да биде кон крајот на 2020 година. На состанокот зедоа збор и присутните претставници на двата тима - групи со свои мислења, сугестии и предлози за текот на натамошната работа и реализација на претстојните задачите.

## Потпишан меморандум за соработка со Бирото за регионален развој



ЦУК, 31.01.2019 - Директорот на Центарот за управување со кризи, м-р Агрон Буџаку и директорот на Бирото за регионален развој, Рамиз Реџепи, денес потпишаа меморандум за соработка.

Со овој меморандум, во иднина ќе се остварува соработка за работи од заеднички интерес, а во врска со состојби и процеси што можат да влијаат врз загрозување на животот, здравјето и имотот на граѓаните и безбедноста на Република Македонија.

## Спроведување на активности за борба против аерозагадувањето и заштитата на животната средина во Кичево



ЦУК, 05.02.2019 - Согласно заклучокот од Владата на Република Македонија со кој се задолжуваат сите министерства и органите на државна управа, во текот на декември 2018 и јануари и февруари 2019 година да спроведат по една акција во секој месец за борба против аерозагадувањето и заштитата на животната средина, претставници од РЦУК Кичево, во соработка со општина Кичево, ОО Црвен Крст и Здравствен Дом - Кичево извршија посета на Домот на пензионери – Кичево каде од страна на стручни здравствени лица се одржа предавање на тема: „Мерки за заштита на старите лица при појава на загаден воздух".

Исто така се извршија и лекарски прегледи на станарите од пензионерскиот дом. Раководството на Здружението на старосни и семејни пензионери од Кичево се заблагодарија на дадените препораки и совети за однесувањето на старите лица како ранливи групи, во овој период кога нивото на загаденост на воздухот е над дозволената граница и за понудената помош од страна на Регионалниот центар за управување со кризи - Кичево.

## Средба во ЦУК со претставници од АМСМ



На 7.2.2019 година, директорот на Центарот за управување со кризи, м-р Агрон Буџаку оствари средба со генералниот секретар на АМСМ, Димитар Миновски и управителот м-р Александар Бошнаковски.

На средбата се разговараше за идните заеднички активности кои произлегуваат врз основа на претходно потпишаниот Меморандум за соработка помеѓу двете институции. Во фокусот на разговорите беа активностите поврзани со воведувањето на единствениот повикувачки број за итни повици 112, и вклученоста на АМСМ во овој процес.

## Тешка сообраќајна несреќа на патот Скопје - Тетово

На ден 13.02.2019 година, после 16.30 часот, на магистралниот пат Скопје –Тетово се случи тешка сообраќајна несреќа во која спред последните информации загинале 14 патници 5 се потешко повредени а поголем број се задржани на лечење во клиничките болници во Скопје и Тетово. До сообраќајната несреќа дошло кога автобус на "Дурмо-турс" од Гостивар, кој сообраќал на правец од Скопје кон Гостивар, од непознати причини излетал од патот и преминал на спротивната коловозна лента, ја пробил заштитната банкина и се превртил под стариот пат Скопје – Тетово во близина на село Ласкарци.

За кратко време е организирано обезбедување на местото на настанот, извлекување и згрижување на повредените, а од страна на Јавниот обвинител извршено е увид на лице место на настанот.

Заради тежината на настанот во текот на доцните вечерни часови одржана е вонредна Седница на Владата, на која се донесе одлука 14 и 15 Февруари да се прогласи за ден на жалост во државата.


Билтен на Центарот за управување со кризи
(електронско издание)

Издава: Центар за управување со кризи на Република Македонија
Редакциска подготовка и графички дизајн: Одделение за односи со јавноста и протокол
Адреса : ул. Димче Мирчев бр. 9, П.ФАХ 372 1.000 - Скопје



контакт: тел: 3 249 101 факс: 3 249 102
веб: www.cuk.gov.mk
e-mail. cuk.mail@cuk.gov.mk